Весна ДИМИТРИЕВСКА УДК: 316.344.7(497.7 : = 214.58)

# СИРОМАШТИЈАТА И МАРГИНАЛИЗАЦИЈАТА НА РОМСКИТЕ СЕМЕЈСТВА

***Кратка содржина***

*Интересот во овој труд е фокусиран кон специфичен тип на маргинализација кај дел од ромската популација, во Република Македонија. Причините за маргинализацијата ги наоѓаме во историскиот, културолошкиот и социјално-економскиот контекст.*

*Причините за состојбата на сиромаштија се во:*

- *историските фактори кои влијаеле на степенот на адаптација и интегрираност на Ромите во новите културни и социјални средини,*
- *културолошките фактори, кои се специфични за оваа популација,*
- *социјално-економските фактори, кои укажуваат на влијанието на така наречените „ромски занимања", врз нивниот социо-економски статус,*
- *неинтегрираноста во образовниот систем,*
- *отуството на едукација за планирање на семејството.*

*Притоа се прави обид да се објасни „магичниот круг" на причинско-последичните врски, меѓу нивната маргинализираност и состојбата на сиромаштија.*

***Клучни зборови**: РОМИ, СИРОМАШТИЈА, МАРГИНАЛИЗАЦИЈА*

## Вовед

Во текстот ќе стане збор за специфичен тип на изолација на дел од ромската популација во Република Македонија. Таа изолација е условена од сложени историски, културолошки и социјално-економски фактори.

Проблемот на сиромаштијата ќе го разгледаме само во врска со најсиромашниот слој од ромското население, кое поради специфичниот тип на изолација се маргинализирало. Во текстот ќе се занимаваме и со факторите кои придонесле за тоа, но и со „магичниот круг" (Letica, S., 120) на поврзаност меѓу сиромаштијата и маргинализацијата. Овие два општествени феномени се условуваат еден со друг и создаваат специфична состојба во која се нашол еден дел од ромското население. Во таа смисла посебно ќе биде анализирано влијанието на образованието, занимањето, социјалното потекло и положбата на пазарот на трудот кај оваа етничка група. Ваквото интересирање произлегува од фактичката состојбата на сиромаштијата кај поголемиот дел од ромската популација во нашата држава. Во теоријата за сиромаштијата постојат гледишта кои причината за маргинализација на одредени групи ја поврзуваат со сиромаштијата (Димитриевска, В., 37). Поради тоа, нашиот интерес ќе се движи во насока на проучување на релацијата меѓу состојбата на сиромаштија на дел од ромската популација и појавата на нејзината маргинализираност.

За реализација на ова истражување се користени податоци од Државниот завод за статистика на Република Македонија, Републичкиот завод за здравствена заштита на Република Македонија, како и податоци и сознанија од други научни истражувања.

Во рамките на ова истражување е остварена и квалитативна анализа, кај 60 сиромашни ромски семејства во Скопје.

## 1. Фактори кои влијаеле дел од ромската популација во Република Македонија да е маргинализирана

Маргинализацијата, најчесто, се дефинира како процес преку кој на одделни групи и поединци им се негира и им се оневозможува пристапот до основните општествени текови и позиции на економската, политичката и социјалната моќ во општеството. Притоа, маргинализирани се оние општествени групи кои се наоѓаат на периферијата на општествената заедница и општествениот живот и немаат речиси никакво влијание врз општествените процеси (Sociološki leksikon, 337).

Во трудот се анализирани историските, културолошките и социоекономските фактори кои битно влијаеле и сè уште влијаат врз општествената положба на Ромите, како и маргинализацијата на дел од таа популација во нашата држава.

### *1.1. Историски фактори*

Историската анализа покажува дека начинот на доселувањето и престојот на Ромите на Балканот и пошироко, има значајно влијание врз нивниот вкупен социјален статус во соодветните општества. Историски факт е дека Ромите потекнуваат од Индија, каде живееле номадски живот, а во духовна смисла биле пагани. Разните освојувачки движења кон Европа, најчесто биле следени од поголеми групи Роми, кои давале одредени услужни дејности на војската, поради што уживале и одредени привилегии. Дел од ромските групи, останувале на одредени подрачја задржувајќи го номадскиот живот.

Според историските податоци, Ромите помасовно се населиле на Балканот во текот на X век, на просторите на денешна Романија. На подрачјето на етничка Македонија, тие дошле заедно со османлиските освојувачи, во првата половина на XV век (Mitrović, A. 57).

Историскиот осврт кон доаѓањето и престојот на Ромите на овие простори покажува неколку карактеристики, кои битно влијаеле врз нивниот општествен статус. Од домородното население на освоените простори, Ромите биле третирани како дел од освојувачите. Начинот на животот на Ромите и вкупната духовна култура претставувале пречка за нивно интегрирање во новите средини, поради што во основа тие функционирале како потесни и затворени социјални групи. Во такви услови, Ромите биле принудени да примаат влијанија од новата културна средина, но сепак останувале како релативно затворени и изолирани групи. Врз тоа влијаел и фактот што дејностите со кои тие се занимавале, најчесто биле непостојани и непрофитабилни.

Интеграцијата на Ромите ја отежнувал и фактот што тие живеле во содветно племенско уредување, што не можело да се вклопи во веќе развиените класни општества.

За вкупната интеграција на Ромите во изминатите векови негативно влијаел и фактот што тие имале и поинаква расна припадност.

Од сите изнесени компоненти на Ромите, кај мнозинското домородно население се создавал неправеден однос на сегрегација кон нив и стигматизација по разни основи.

Опишаните историски процеси и состојби оставиле длабока трага во вкупните општествени односи во разните општества каде што живеат Ромите. Со тоа, објективно, се создал голем баласт за отворање на нови процеси во современите општества за поголема интеграција на Ромите.

### *1.2. Културолошки фактори*

Ромската заедница е само еден од примерите за интеракциско дејствување на културните врски, со кои се доаѓа до взаемна испреплетеност на културните обележја на разните етникуми. Во процесот на интеракција и размена на културните вредности, историски гледано, Ромите најчесто примале културни влијанија. Притоа, ги задржувале своите културни специфичности, со што го одржувале својот културен и етнички идентитет. Во тој контекст, најзначајни специфичности на ромската култура претставуваат: јазикот, музиката, религијата, обичаите и митовите.

Ромскиот **јазик**, е најзначајниот фактор кој го одржал нивниот идентитет. Нивниот јазик во основа претставува историско и колективно помнење на нивните корени, културата, материјалниот и духовниот свет кои ги опкружувале, далеку низ историјата во нивната прататковина. Денес, јазикот кај Ромите е издиференциран, како резултат на повеќе фактори. Одредени разлики постојат во зависност од тоа во кое време се доселиле на соодветните простори на Балканот. Исто така, големо влијание врз ромскиот јазик, имало и тоа во која јазична и национална средина тие се доселувале и живееле, бидејќи секоја од тие средини различно влијаела врз дијалектолошките специфичности на ромскиот јазик. Врз состојбите на ромскиот јазик, силно влијание имало и тоа во колкава мера самите Роми ги примале влијанијата на домородните јазици, во процесот на интеграцијата. Онаму каде што интеграцијата била поизразена, во тие групи на Роми, многу повеќе се губеле изворните корени и обележја на ромскиот јазик, па сè до одделни случаи каде што јазикот се изгубил. Онаму каде што интеграцијата потешко се остварувала, повеќе се зачувал изворниот ромски јазик, но во таквите случаи овие групи биле повеќе изолирани и маргинализирани.

**Музиката** на Ромите е еден од најзначајните белези на нивната култура и идентитет, која во значајна мерка ги задржала своите корени и изворност. Музицирањето и пеењето било и сè уште е еден од најкарактеристичните занаети на Ромите, што е резултат на ромската култура и односот кон музиката.

Во однос на **религијата**, Ромите низ вековното опстојување на одредени територии, ги прифаќале религиските обреди и обичаи на населението во соодветната земја, поради што религијата не се покажала како позначаен фактор на нивната маргинализација во содветните општества.

Денес, сè повеќе, преку културните придобивки, се остварува поголема интеграција на Ромите во општеството, но, пред сè, ова се однесува на поединци. Меѓутоа, денес сè уште има релативно затворени и

хомогени ромски средини. Тоа од една страна позитивно влијае врз зачувувањето на културниот идентитет на Ромите, но од друга страна е и фактор кој може да влијае на нивната изолираност и маргинализација.

*1.3.Социјално-економски фактори*

Историски гледано, Ромите континуирано се наоѓале во тешка социјално-економска положба. Покрај досега изнесените фактори, на ваквата положба битно влијаел и нивниот статус во општествениот процес на производство.

Ромите низ целата своја историја се занимавале со разни и специфични занимања. Специфичноста се забележува во тоа што занимањата биле или станале само ромски занимања. Ромите, каде и да биле, па и во Р. Македонија, имале свои занимања, своја стока и свој пазар. Од сите дејности со кои се занимавале Ромите, најмногу бил застапен ковачкиот занает. Ромите успеале да доминираат со изработки од дрво, најчесто корита за перење, лажици и кошници. Тие биле и ќумурџии, изработувачи на сита и решета, продавачи на перја... Тие биле и вешти дресери на мечки, гатачи и сл. Во поголемите градови најчесто работеле како носачи на товар, чистачи на улици, сезонски работници (Djordjević, Т., 17).

Речиси без исклучок, оваа општествена група, знаењата и вештините, ги стекнувала во рамките на семејната традиција и самообука.

Кога се зборува за Ромите, треба да истакнеме дека многу распространето меѓу Ромите е питачењето. Овој начин на заработување на средства за живот во минатото бил многу ценет „занает" меѓу Ромите. Денес, исто така е присутна појавата на питачење кај Ромите, меѓутоа, ставот кон питачењето почнува да се менува, кај поголемиот дел од ромската популациија. Појавата сè уште е присутна кај маргинизираните семејства.

Последица од немањето конкретни програми и детална и долгорочна стратегија во нашата држава, е нивната неинтегрираност во стопанските дејности и пошироко во општеството. Последица од општествената негрижа се лимитираните можности за нивна вклученост во процесот на трудот. Ниското образовно ниво, непосредно влијаело и врз дејностите со кои главно се занимавале/аат Ромите. Тие најчесто работеле/ат споредни и дополнителни стопански активности, со кои се обезбедувале/аат минимални приходи за живот. Нивната социјално-економска положба, уште повеќе се влошува, со новите техничко-технолошки процеси на глобално и локално ниво. Неповолната состојба резултира со намалени можности за вработување, ниски и нередовни приходи со што се зголемува и онака големиот број на сиромашни ромски семејства.

## *2. Анализа на сиромашните Ромски семејства*

Според Пописот од 2002 година, во Македонија има 53.879 Роми, или 2.6% од целокупното население. Во Скопје живеаат 23.475 Роми. Најголем дел од Ромите живеат во населбата Шуто Оризари. Денес, Шуто Оризари е најголемата ромска општина со 22.017 жители од кои 13.342 се изјаснети како Роми (Статистички годишник, 61).

### *2.1. Профилот на сиромашните ромски семејства*

Повеќегодишните мерења и квалитативната анализа на сиромаштијата овозможија идентификување на основните профили на сиромаштијата, на ризичните групи од населението и на ризичните фактори за осиромашување.

Врз основа на мерење и на следење на сиромаштијата во земјава, може да се идентификуваат три групи сиромашни семејства: традиционално сиромашни, новоосиромашени и хронично сиромашни.[1]

Анализата и мерењата на сиромашните Ромски семејства во Скопје, укажуваат дека профилот на сиромашните Ромски семејства во основа е идентичен со општиот профил на сиромашни семејства во РМ. Резултатите од истражувањето покажуваат дека Ромските семејства најмногу припаѓаат на профилот на традиционално сиромашни семејства.

### *2.2. Квалитет на живеење на сиромашните ромски семејства*

**Мерењето и вреднувањето на квалитетот на човечкиот живот** е мошне комплексна материја. Постојат бројни општествени и социјални индикатори со кои се мери и споредува квалитетот на животот во различни средини. Тргнувајќи од овие индикатори, European Foundation for the Improvement of Living and Working Conditions (EFILWC) го изготвила првиот преглед за квалитетот на живот (EOQL) во 2003 година. Притоа се избрани 6 значајни области на квалитетот на живот, и тоа: вработеноста, економските ресурси, семејството и домувањето, заедничкиот живот и општествената улога, здравјето и грижата за здравјето како и знаењето, образованието и обуката. Овој модел, Европската Унија постојано го развива.

---

[1] За ова прашање види докторат: Димитриевска, В. *„Причини и општествени последици од сиромаштијата во Република Македонија“.* Дис. Универзитет. „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет, Скопје 2002.

Индикаторите за квалитетот на живот, објективно се приспособуваат кон потребите и реалните состојби во одделните држави. Со тоа се обезбедува изразување на многу фактори кои се втемелени во животот на локалната заедница, особено од аспект на одржливиот развој.

Истражувањето на квалитетот на животот на сиромашните ромски семејства во Скопје, се базира врз погоре изнесените индикатори. Притоа, овие индикатори се адаптирани на вкупниот социјално-економски, политички и севкупен развој на РМ, како и на специфичните фактори кои влијаеле и влијаат на социјално-економскиот статус на ромската популација.

За потребите на ова истражување се анализирани следниве области што го определуваат квалитетот на живот кај сиромашната ромска популација: станбено-комунални, здравствено-хигиенски, образовни, економски статус на семејството, социјалната сигурност и социјалните проблеми.

### *2.1.1. Станбено комунални услови*

Ромските семејства, според статистичките податоци на Републичкиот завод за здравствена заштита на Република Македонија, а се однесуваат за Скопје, укажуваат дека Ромите живееат во објекти од цврста градба 63.29%; 29.46% ромски семејства живеат во трошни и монтажни живеалишта и 7.25% во импровизирани куќи изработени од картони, најлон, лимови и пластика (Статистички извештаи, 2007). Повеќе од 50% ромските семејства во Скопје, живееат во домови со животен простор помал од 5 м$^2$ по член (Лакинска, Д. 61). Многу често во ромските заедници живеат 3-4 генерации заедно. Ваквата состојба најчесто се перципира како екстремна сиромаштија. Види рамка 1.

Рамка 1

Семејството Емини живее во скопската населба Злокуќани, во една трошна куќа од околу 30 м$^2$ и во неа живеат 13 члена, од четири генерации. Односите меѓу членовите се вообичаени, без меѓугенерациски тензии.

Во истата населба на оддалеченост од 50 м од куќата на Емини, во сопствена куќа од околу 40 м$^2$ живее петчлено македонско семејство Николовски, мајка, татко ќерка и од неодамна оженетиот син. Ова семејство, постојано е во тензија, особено меѓу новиот брачен пар и останатите членови.

Двете семејства се сметаат за сиромашни и се корисници на социјална парична помош.

Оваа илустрација не имплицира дека Ромите сакаат да живеаат во мал простор со многу членови, туку само укажува на различниот културолошки однос кон прашањето за заеднички живот во една проширена семејна заедница, како и на субјективното доживување на содветната состојба. Меѓутоа, ова говори дека пошироката општествена заедница не влијаела со развиен систем на мерки кои ќе го променат односот на ромското сиромашно население кон прашањето за квалитетот на живот. Сигурно е дека и кај самото ромско население има фактори кои ја спречувале интеграцијата во општеството што подразбира и подобар квалитет на живот.

Во однос на опременоста на домовите со санитарен чвор, состојбата е загрижувачка, бидејќи само 16.07% од Ромските семејства во Скопје имаат тоалет и бања во куќата, 77.74% имаат санитарен јазол во дворот (полски тоалет) и 6.19% имаат тоалет во домот (Ibid).

Состојбата со канализацијата, кај сиромашните ромски семејства е исто така загрижувачка. Голем е бројот на оние кои немаат приклучок кон канализација.

Голем проблем кај овие семејства е достапноста на водата за пиење, бидејќи само 26% имаат водовод во нивните домови.

Улиците во кои живеат сиромашните ромски семејства, најчесто се тесни, неосветлени и неасвалтирани.

Овие состојби на станбено-комуналните услови во кои живеат сиромашните ромски семејства, укажуваат дека тие имаат многу ниско ниво на квалитет на живот според овој индикатор.

### *2.1.2. Здравствено-хигиенски услови*

Здравствената заштита на сиромашните ромски семејства е незадоволителна. Ваквата состојба, најчесто произлегува од лошите станбено-комунални услови, лимитираните материјални можности, недоволното здравствено осигурување, релативно ниската здравствено-хигиенска култура и нискиот степен на образованост. Кај дел од ова (сиромашно) ромско население, присутно е субјективно чувство за дискриминираност во областа на здравствената заштита по основа на нивната етничка припадност. Види рамка 2.

Рамка 2

Ш. Окрен, 21-годишен, оженет, татко на три деца, КВ работник, остварува приход за семејството собирајќи железо од контејнери (2 денари за еден кг).

Живее во една соба 3џ2 м$^2$. Собата е опремена со еден шпорет и со сунѓери на кои спијат. Струја имаат, но не ја плаќаат. Таа се води на заеднички стан од повеќе домаќинства. Вода и тоалет имаат надвор. Добива социјална помош од 2.800 денари.

Окрен е инвалид на едната рака.

Есента 2006 година, Окрен беше тешко болен. Започна со обична настинка, заврши во болница за белодробни болести. За своите маки тој говори: Сè почна кога првпат се разболев и со коњска кола ме однесоа во поликлиниката во „Ѓорче Петров". Таму никој не ме погледна, сè додека комшијата не се закани. Докторката само од врата ме погледна и ми препиша лекови (се муртеше - сум ѝ смрдел). Што ми пишува апчињата, како да ги купам, немам пари. Можеше инекција да ми стави, вели Окрен. Не сакаат, се грозат од мене. По две недели морав да одам во Државна болница да се лечам. И таму сестрите не ме гледаа, немам кафе да им купам, кај доктор не можеш да дојдеш. За таму треба многу кафе, инаку не врши работа. Јас сум циган, не можев да им купам ништо, констатира Окрен.

Во однос на хигиенските услови состојбата е доста неповолна. Тоа е резултат на лошите услови за живот, лошата достапност до вода и лошата материјална состојба. Отсуството на грижа за хигиената е последица на несистематското интегрирање на ова население во државата, но и нивната немоќ да се извлечат од условите во кои живеат.

### *2.2.3. Образовниот статус во семејството*

За многумина е неразбирливо во XXI век, во урбана средина, при задолжително основно образование, да има неписмени луѓе. Сепак, ова е реалност за поголем број Роми во Република Македонија, особено за маргинализираните.

Она што загрижува е фактот дека образовниот статус и образовното ниво на целокупната ромска популација е релативно ниско.

Ваквата состојба ја потврдуваат резултатите од спроведеното истражување врз ромската сиромашна популација во Скопје (Ibid).

Резултатите од истражувањето укажуваат дека образовниот статус во семејството е различен. Неписменоста е најкарактеристичниот белег на образовното ниво на оваа популација. Кај анкетираните мајки

45.38% се неписмени, 30.05% немаат завршено основно училиште 20.54% завршиле основно училиште 3.37% имаат завршено средно училиште и 0.13% завршиле факултет (Ibid).

Состојбата со образовниот статус на мажите е малку подобра во однос на писменоста. Образовниот статус на татковците, малку е различен, при што 43.99% имаат завршено основно училиште, 22.39% немаат завршено основно училиште 18.9% се неписмени, средно училиште завршиле12.86% и факултет завршиле 0.07% (Ibid).

Редовноста во посетување на училиштата е присутна кај децата до 10 годишна возраст и изразена во структурен показател е 75%. Образовниот статус на младите над 18 години не отстапува од веќе изнесената состојба. Од 510 испитаници на таа возраст, 53% се неписмени или со неоформено основно училиште, 37% имаат завршено основно училиште и само 8% завршиле средно училиште.

Состојбата со образовното ниво на членовите на сиромашните ромски семејства, се потврдува и со мислењата на социјалните работници, кои работат со оваа популација, во подрачните единици за социјална работа во Општина Карпош и Општина Чаир.

Причините за неписменост и негативниот однос кон образованието, најчесто членовите од овие семејства ги гледаат во нивната состојба на сиромаштија. Сосема мал број Роми сметаат дека ниското образовно ниво е последица на несодветната стратегија на државата кон образованието на сиромашните Роми. Види рамка 3.

Рамка 3

Бина е трето дете од шестте деца на семејството Шабани. Таа има 10 години, неписмена е и никогаш не одела во училиште. Живее на околу 300-400 метри одалеченост од основното училиштето во Новоселски пат. Таа, со нејзините двајца браќа и една помала сестра, собира пластични шишиња од контејнерите. Таткото, работи како наемен работник и секој ден оди, како што таа вели, на работа. Всушност тој бара работа, но тешко ја наоѓа. Мајка ѝ со двете помали сестри, питачи по улиците.

Запрашана зошто никогаш не одела во училиште, таа ни раскажува: сакам да одам, немаме пари за книги, брат ми одеше, ама многу тешко се учи. Тој треба да работи, а учителката му даваше многу домашни и после школо го оставаше. Брат ми сега не оди во школо ама знае да пишува.

Истиот брат за кој велеше дека знае да чита не знаеше да го пополни образецот за социјална помош.

Од сето ова, може да се заклучи дека потребата од образование е многу ниско вреднувана кај ромската популација, особено кај сиромашните. Ова е последица од фактот што стекнувањето на вештините за живот и работа тие најчесто ги стекнувале/стекнуваат од други членови на семејството и самообука, надвор од редовниот образовен систем. И покрај тоа што на најсиромашните им се помага со давање на бесплатни учебници и друга помош, тие тешко се интегрираат во образовниот процес.

### *2.2.4. Економски статус на сиромашните ромски семејства*

Економскиот статус на ромските семејства е детерминиран од вкупните економски состојби во нашата земја, како и од специфичните општествени фактори кои влијаат врз економскиот статус на Ромите.

Економскиот статус на сиромашните семејства се карактеризира со низок животен стандард, висока стапка на невработеност, ниски и нередовни приходи. Најчесто приходот во семејството го остваруваат преку социјалната парична помош, собирањето разни видови отпаден материјал, питачење, работење под наем, чистење по домови, како и учество во разни форми во сивата економија.

Транзиционите промени, мошне силно и негативно влијаеа / влијаат врз економскиот статус на овие семејства, со изразено влошување на нивниот животен стандард. За ваквата состојба, негативно влијание има и нивното ниско образовно ниво, кое објективно ги лимитира можностите тие пошироко да се вклучат во економските текови и новите состојби. Дополнителен негативен фактор за лошиот социо-економски статус е состојбата со многудетноста на овие семејства. Ваквата состојба е резултат на отсуството на континуирана и соодветна едукација за планирање на семејството.

Нискиот економски статус кај оваа популација е последица од голем број фактори: неписмени лица, невработеност, лоши станбени услови, лоша здравствена состојба, низок квалитет на живот, состојба на сиромаштија, маргинализираност кои меѓусебно се поврзани и го чинат „магичниот круг".

### *2.2.5. Социјални проблеми*

Од досега кажаното, сосема е очигледно дека сиромашните ромски семејства се соочуваат со многу социјални проблеми. Како илустрација на ваквата состојба е фактот што голем број семејства имаат потреба од социјална помош. Имено, во Скопје има околу 2.400 ромски

семејства, кои користат социјална помош.[2] Меѓутоа, бројот на семејства кои имаат потреба од социјална помош е поголем од изнесената бројка. Имено, одреден број од овие семејства поднеле барање за социјална помош, но поради непотполност на потребните документи, тие не можат да го остварат ова право (нерегулирано државјанство и место на живеење, немање изводи од матична книга на родени, немање документи за брачната состојба и сл.). Ова ја потврдува нашата теза дека маргинализираните Роми се наоѓаат во безизлезна состојба на сиромаштија. Тоа, исто така, сведочи за „магичниот круг" во кој тие се наоѓаат.

Доста често излезот од лошата социо-економска состојба, одделни лица од овие семејства го бараат во разни нелегални дејности како што е сивата економија, питачењето, проституцијата, препродавање наркотици, трговија со деца и слично. Притоа, за одбележување е дека кај значаен дел од оваа популација, споменатите дејности, не се третираат како општествено негативни дејствија, туку како начин за преживување.

**Заклучни согледувања**

Овие состојби за односот меѓу сиромаштијата и маргинализацијата на ромските семејства, несомнено покажуваат дека прашањето на нивната маргинализација е мошне комплексно и актуелно и бара соодветен научен третман. Комплексноста на овој проблем се изразува низ многу голем број на причинско-последични фактори кои влијаат врз оваа појава, од една страна, и мошне големиот број на теоретски модели за нивно истражување, од друга страна.

Резултатите од истражувањето ја потврдуваат претпоставката дека значаен дел од сиромашните ромски семејства се општествено маргинализирани. Општественото и научното значење на овој проблем, произлегува од неспорниот факт дека мошне голем број ромски семејства се сиромашни, а во тие рамки дел од оваа популација е маргинализиран.

Истражувањето потврдува дека состојбата на сиромаштија е неспорен фактор за маргинализираност на дел од сиромашните ромски семејства, но за нивната состојба влијале/влијаат мноштво фактори, кои взаемно се условени и го чинат „магичниот круг".

[2] Меѓуопштински центар за социјална работа на Република Македонија

Причините за состојбата на сиромаштија кај ромските семејства ги наоѓаме во:

- историските фактори кои влијаеле на степенот на адаптација и интегрираност на Ромите во новите културни и социјални средини,
- културолошките фактори, кои се специфични за оваа популација,
- социјално-економските фактори, кои укажуваат на влијанието на таканаречените „ромски занимања”, врз нивниот социо-економски статус,
- неинтегрираноста во образовниот систем,
- отсуството на едукација за планирање на семејството.

Маргинализацијата на дел од ромската популација се должи на екстремната состојбата на сиромаштија и недоволната грижа на општеството за оваа популација.

Ваквата состојба создава услови за нивна изолираност како еден од основните белези на состојба на маргинализираност. На тој начин се изразува „магичниот круг” на причинско-последичните врски за нивната маргинализираност.

Истражувањето укажува на потребата од поголем општествен третман за побрзо излегување од овој затворен круг, но нѐ само преку социјалната помош, туку преку поефикасни мерки за нивна еманципација и интеграција во македонското општество. Ова како императив се наметнува пред нашето општество бидејќи физичката беда репродуцира морална и интелектуална беда. Луѓето кои живеаат на границата на егзистенцијата живеат и на границата на човечкото достоинство.

**Литература**

Алкок, П., 2008. *„Разбирање на сиромаштијата"*, Скопје: Магор (прев.).

Димитриевска, В., 2005. *„Теории за сиромаштијата"*, Годишен Зборник, Скопје: Филозофски факултет.

Djordjević, T., 1933. *„Ciganska zanimanja"*, Beograd: Naš narodni život.

Ентони, Г., 2001. *„Социологија"*, Београд: Економски факултет (прев.)

Харламбос, М., Нолборн, М., 2002. *„Социологија"*, Загреб: Голден маркетинг (прев.)

Лакинска, Д., 2000. *„Загрозеноста на ромските деца во ромските населби во Скопје"*, Скопје: УНИЦЕФ.

Латица, С., 1984. *„Основни извори-узроци социјалне угрожености,* Социјална заштита у СР Хрватској.

Lukić, D., Radomir, 1982. ured. *„Sociološki leksikon"*, Beograd: Savremena administracija.

Митровиќ, А., 1990. *„Роми на границама сиромаштва"*, Београд: Наша књига.

Савевска, С., 2000. уред. Зборник на трудови од научен симпозиум, Скопје - Улични деца деца на улица Скопје:- Филозофски факултет.

*Состојби и предизвици во домувањето и здравството.* Гостивар: Хуманитарно и доброволно здружение на Ромите Месечина, 2008.

Статистички годишник на Република Македонија, 2008. Скопје.

Статистички извештаи за 2007 год. на Републичкиот завод за здравствена заштита на Република Македонија (за интерна употреба)

Vesna DIMITRIEVSKA

# POVERTY AND MARGINALIZATION OF THE ROMANI FAMILIES

**Abstract**

The interest of this study is focused on a specific type of marginalization, at part of the Romani population in the Republic of Macedonia. The causes for their marginalization can be sought in the historical, cultural and social and economic context, accompanied with condition of poverty.

The causes for their condition can be sought into:

- Historical factors that have influenced the adaptation and integration degree of the Romani in the new cultural and social environments,
- Cultural factors which are specific for this population,
- Social and cultural factors which indicate the influence of the so-called "Romani occupations" based on their social and economic status,
- Non-integration in the educational system, and
- Lack of knowledge related to family planning.

There by an attempt is made for explanation of the "magic circle" of the causative and consequential relations, between their marginalization and the condition of poverty.

**Key words**: ROMANI, POVERTY, MARGINALIZATION